# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
# од Четириесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 18 мај 2000 г.

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,5 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Илијаз Халими, потпретседател на Собранието.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Ја отворам Четириесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Љубисав Иванов, Љупчо Анушев, Алија Шахиќ, Гоце Трајанов, Данило Глигоров и Стојан Ковачевски, ме известија дека од оправдани причини, не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам, да притиснете, едно од копчињата на системот за гласање, за да го утврдиме, бројот на присутните пратеници во салата.

На седницата присуствуваат 53 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваа мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата, поканети се: претседателот на Република Македонија господинот Борис Трајковски, претседателот и членовите на Владата.

Записниците од 27-та и 46-тата седница на Собранието, Ви се доставени.

Дали некој има забелешки на записниците? (Нема)

Констатирам дека записниците од 27-та и 46-та седница на Собранието се усвоени без забелешки.

Комисијата за екологија, млади и спорт, предлагаат дневниот ред на оваа седница да се дополни со информација, во врска со состојбата, мерките и активностите, кои се преземаат, за спасување на Дојранското Езеро.

Информацијата Ви е доставена.

Предлогот на Комисијата го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеника.

58 за, 5 воздржани и 1 против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Комисијата за здравство, предлага дневниот ред, за оваа седница, да се дополни со предлог одлука за давање согласност на Статус на Јавната здравствена организација Медицински центар"Велес" - Велес.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Предлогот на Комисијата за здравство го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеници, 57 за, 1 воздржан и четворица против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата за здравство е усвоен.

Почитувани дами и господа пратеници, пред да го соопштам дневниот ред, пратениците од СДСМ побараа денеска да работиме до 14, пасот поради нивните партиски обврски. Ќе го уважиме нивното барање.

Според тоа за денешната седница, го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог за донесување на Закон за определување на имиња на улици, плоштади, мостови, и други инфраструктурни објекти, со предлог на закон.
2. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето граѓаните, со предлог на закон.
3. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за ревизија, со Предлог на закон.
4. Предлог за донесување на закон за ратификација на вториот дополнителен протокол, кон спогодбата за мултинационалната националните мировни сили на Југоисточна Европа, со Предлог на закон.
5. Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за социјално осигурување меѓу Република Македонија и Швајцарската конфедерација, со Предлог на закон.
6. Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Медицински центар "Велес" - Велес.
7. Информација за потребата за склучување на Конвенција за заштита на малцинствата, меѓу Република Македонија и Република Албанија.

8. Информација за загубите на државните органи и институции во Република Македонија, со ликвидацијата на Алмако Банка.

9. Информација во врска со состојбата, мерките и активностите кои се преземаат за спасување на Дојранското Езеро.

Дали има предлог за изменување, или дополнување на предложениот дневен ред?

За збор се јави г-динот пратеник Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници, на 10-тата седница, барањето за ставање на Декларација за поддршка на барањето за отворање на паралелка на албански јазик во гимназијата Јосип Броз Тито во Битола, не беше ставена на дневен ред, со образложение дека се уште не е поделена и дека пратениците немаат копија од истата.

Би сакал да ми се објасни зошто на денешната седница не е ставена на дневен ред и воедно, барам да се надополни дневниот ред со Декларацијата, која што е поделена до пратениците.

Впрочем, таков беше и заклучокот на потпретседателот дека на наредната седница ќе се стави на дневен ред.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Според Деловникот вие знаете дека таквите предлози се ставаат на наредната седница. Затоа ве известувам дека таа точка е ставена на дневен ред, за 49-тата седница, која ќе се одржи на 7 јуни. Тоа е наредната седница.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Наредната седница, по однос на моето барање е токму оваа седница.

Затоа барам да се стави на денешната седница.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Оваа седница беше свикана однапред, вие знаете, но јас го ставам на гласање Вашиот предлог. Но ако мнозинството се за вашиот предлог, ние можеме да ја ставиме на дневен ред.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Мислам дека претседателството, или составувачот на дневниот ред, не постапил според заклучокот на минатата седница, затоа што барањето беше оваа точка да се стави на 44-та седница на Собранието и остана за наредната седница на Собранието. Мислам дека наредна седница е оваа сега. И мислам дека намерно се прави опструкција на овој предлог.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Оваа седница беше однапред предвидена, кога ќе се одржи, затоа, ние не можевме да ја утврдиме на оваа седница. Оваа точка, која вие ја предлагате.

Ако се согласите, да Ја ставиме на гласање и да гласаме околу овој ваш предлог.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 76 пратеника, 17 за, 8 воздржани и 51 против.

Констатирам дека предлогот не помина.

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави г-динот пратеник Чедо Петров.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Предлагам точката под број 8, Информација за загубите на државните органи и институции од Република Македонија, со ликвидацијата на Алмако Банка, да биде изземена од дневниот ред на денешната седница, со следното образложение: Како член на Комисијата за финансирање и буџет, оваа информација беше разгледана и беше донесена одлука со еден глас за, 4 против, и 1 глас воздржан.

Комисијата не ја поддржа информацијата и заклучи да не оди на дневен ред на Собранието

Не знам зошто, известувачот од Комисијата не го кажа овој предлог.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Тогаш, да поминеме на гласање.

Го слушнавме пратеникот Чедо Петров.

Тој бара да се симне оваа точка од дневниот ред.

Има збор г-динот пратеник Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

По повод барањето на г-динот Чедо Петров, да се симне оваа точка од дневниот ред, во име на предлагачите на информацијата, сакам да предочам, следново: Без разлика дали информацијата има предлог да не се усвои, или да се усвои, како и за закони што има предлози да се усвојат или да не се усвојат, тие треба да влезат во дневен ред, а по расправата Собранието да одлучи, како ќе се однесува по информацијата.

Затоа предупредувам дека процесот на изјаснување по информацијата, односно

по заклучоците за или против, е еден процес, а процесот на симнување од дневен ред е друг процес. Тука има и други закони, на кои Владата дава, или не дава согласност, има лошо или добро мислење, како и комисиите, меѓутоа, тоа се утврдува по расправата и се гласа против, или за, заклучоците или законот.

Сметам дека и покрај тоа што постои деловничко право да се симнуваат од дневниот ред точки и закони, со мајоритетно надгласување воопшто не е во рамки на деловникот и во рамки на демократската процедура.

Доколку има писмен предлог, за на дневен ред, од овластен по уставот предлагач, мнозинството во Собрание, по пат на мајоритетно надгласување, ги симнува точките од дневен ред.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Јас мислам дека и овие објаснувања држат, но поради тоа што и така и така, таа точка ќе биде симната од дневен ред, ние сакавме навреме да ја симнеме.

За збор се јави г-динот пратеник Чедо Петров.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Морам да кажам дека согласно член 408, став 2 од Деловникот, бидејќи нема претставник од Владата, оваа точка да се симне од дневен ред од денешната седница.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Точката ја ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 69 пратеници, 51 за, тројца воздржани и 15 против.

Значи, точката 8 од дневниот ред, ја симнуваме.

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави г-динот пратеник Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и г-да пратеници.

Дневниот ред за денешната расправа ние сите го имаме, меѓутоа, на последната седница на Собранието, јас побарав дневниот ред на седницата да се надополни со информација која ќе гласи: Колкава хуманитарна помош, материјална и финансиска примила Република Македонија, во текот на 1999 година, заклучно со април месец, 2000 година. Како е доделена помошта и колкава е висината на средствата, што се одвивала по семејство, кое згрижело Бегалци. Таа информација денеска не ни е доставена и дневниот ред, со таа информација не е дополнет.

Заклучокот на потпретседателот, кој заседаваше минатата седница, рече дека на првата наредна седница, истата информација ќе биде подготвена и ставена на дневен ред.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Ова прашање е упатено до Владата. Засега, ние немаме информација, тоа е точно. Мислам дека навреме треба да не информираат. Но што е причината, веројатно тие знаат. Моментално ние немаме претставник од Владата, кој треба да даде точен одговор. Ако вие барате да ја ставиме оваа точка на дневен ред, ние можеме, ако мнозинството на пратениците се согласуваат, како последна точка, а во меѓувреме, да побараме од Владата да дојде нивниот претставник.

Дали се согласувате?

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Јас се согласувам да се подготви информација од Владата и таа информација да биде достапна.

Доколку таа информација не може денеска да биде на дневен ред Ве молам, како потпретседател на Собранието, кога вашето претседателство ќе седне да заседава, да не се однесувате ноншалантно, за проблеми, кои што пратениците имаат право да ги поставуваат пред Собранието и сакат да бидат крајно информирани и за таа хуманитарна помош, која минатата година им се доделуваше на граѓаните, протерани од Косово.

Јас верувам, дека вие и вашето залагање, ќе направите се, на прва наредна седница таа да биде на дневен ред на Собранието на Република Македонија.

Тоа да се постави на гласање, денеска да се дополни дневниот ред, очигледно е дека несериозна би била таа работа. Јас очекувам дека вие тоа ќе го направите на прва наредна седница.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Јас земам за обврска ургентно да бараме од Владата, да достави информација за наредната седница.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Јас ви благодарам. Јас сум задоволен со овој ваш одговор и сигурно ќе биде забележано во стенограмот и на прва наредна седница, ние тоа ќе го побараме.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Сејфедин Харуни.

Збор има г-динот пратеник Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Г-дине претседателе, почитувани колеги, по се изгледа треба да се повтори и од моја страна дека, исто така, барав минатата седница да се достави информација за колку мина граѓани до сега имаат поднесено барање за прием државјанство ка РМ, колкумина се одбиени по кој основ се одбиени и од која национална припадност се тие што се одбиени.

Од потпретседателот на Собранието, исто така добив одговор или коментар дека ова барање ќе се проследи до Владата на РМ и за наредната седница, ќе се добие информација. Тогаш, мислев дека наредната седница  а и денеска е оваа седница, на дневен ред нема никаква информација. Што значи дека Владата не доставила информација, по која ние денеска би можеле да расправаме односно да биде ставена на дневен ред. Не знам кој ќе биде денеска одговорот, дали одговорот за ова да го бараме денеска од претставниците на Владата или од вас како претседавач, само проблемот е тоа што на дневен ред немаме таква информација. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Исмет Рамадани.

Поставеното прашање мислам дека е вред и не е ова прв пат што се случува пратениците да поставуваат прашања до претставниците на Владата или да бараат информација и одговорите да не ги добиваат навреме. Мислам дека во иднина ова мора на некој начин да се поправи се со цел на време пратениците да бидат информирани за сето она што тие се интересираат односно поставуваат прашања.

Моето е во овој момент да ве убедам дека јас ќе настојувам, исто како и за претходното прашање што го постави г-динот пратеник Сејфедин Харуни и за вас, веројатно, и за другите кои еве веќе се наведени, па сигурно и тие имаат некое барање што го поставиле и бараат одговор од Владата. Така, уште еднаш да ургираме до Владата да бараме одговори за наредната седница да бидете известени со нивните одговори.

За збор се јави г-динот пратеник Никола Јованов.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Благодарам Г-дине потпретседателе, почитувани колеги пратеници, веднаш да нагласам, не барам за оваа седница, за наредната бидејќи сум свесен дека е потребно време за да се направи таква анализа, во саботата на 13 овој месец Битола ја погоди силно невреме, силни врнежи од дожд и град и направена голема штета на културите на пелагониското поле. Би сакал Владата да направи една информација велам, со доволно време за наредната седница, колкави се штетите зошто затаила градобитната одбрана, дали се во прашање техничките можности и ако се техничките можности тоа да се поправи и да се инвестира во тие градобитни станици, или е во прашање човечки фактор. Поставувам, не за оваа седница за наредната, бидејќи е потребно време да се направи таквата анализа. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Ви благодарам и вам.

Збор има г-динот пратеник Ѓорѓи Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, прашањето е веќе елаборирано и изгледа пратеникот од Битола не е во до слух со Министерството за шумарство и водостопанство. Ние веќе интервениравме, запознаат е министерот и заменикот на министерот и комисиите ќе си излезат по редовна процедура, како што тоа било практика и во минатите години, ова прашање мислам дека нема потреба да оди на наредна седница, бидејќи ресорното министерство ќе си ја заврши работата така како што треба. До колку сметаме на наредните седници од пратенички прашања, дури тогаш можеме да видиме до каде е таа работа.

Г-дине потпретседателе, би ве замолил на дневен ред според Деловникот на Собранието на РМ, секретарот е тука,-ако сака може и да толкува, се поставуваат прашања кои се од итен или битен карактер. или прашања кои веќе се елаборирани во собраниските тела и комисиите на ова Собрание. Вакви прашања, информации не се поставуваат на дневен ред. Мислам дека еднаш треба да разграничиме што е прашање, што е информација, а што е точка на дневен ред за да се стави. Премногу е сериозна работата за точка да се стави на дневен ред и да се даде јако образложение, каде што ќе бидат вклучени не само

Владата туку и собраниските комисии, за да можеме ние релевантно да одлучуваме. И да прекинеме со ваква практика со кршење на Деловников на Собранието на РМ. Ве молам Г-дине потпретседателе, Г-дине секретар образложете го ова уште еднаш, заради знаење на присутните. Ве молам, најискрено еднаш да расчистиме, не се поставуваат работите вака на дневен ред. Ова се прашања и информации, а не се точки на дневен ред разработени темелно, докрај издржани, за да можеме ние правилно да одлучуваме на ваква седница. Инаку, би биле крајно несериозни ако вака продолжуваме со работа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Вие во право реагирате, мислам Деловнички е така навистина и секој од пратениците мислам дека го знае ова, го знаат правилникот што се предвидува и се надевам дека ќе го имаат предвид понатаму ако имаат некое прашање односно ако имаат нешто да предложат за дневен ред, се знае дека тоа треба да го образложат односно итноста на таа точка да ја образложат, за да можеме така да работиме.

Повторно за збор се јави г-динот пратеник Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Во врска со коментарот од г-динот Котевски за нашето барање да се стави на дневен ред информација за граѓаните кои имаат поднесено барање за државјанство итн. Уште еднаш објаснувам дека не се работи за пратеничко прашање, туку се бара информација да се стави на дневен ред и за која информација ќе дискутира Парламентот Ако се поаѓа од тоа, а како вие тоа го образложувате, мислам погрешно можеби и тој ве сфати дека вие неколку пати повторивте дека треба да се одговори на пратеничкото прашање и т.н. Не се работи за пратеничко прашање. Мислам дека ние добро знаеме што е пратеничко прашање и што е барање да се стави на дневен ред информација, а тоа значи дека за таа информација треба врз основа на текстот односно врз основа на содржината на таа информација, веројатно би требало и да продискутира и самиот Парламент.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Ви благодарам.

Повторно за збор се јави, веројатно во вид на реплика, г-динот пратеник Ѓорѓи Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, најсериозно сакам да ме сфатите и немојте погрешно да ги толкувате работите. Ние не можеме да расправаме за информација денес или на било која друга седница, ако не се вклучат органите на државата и институциите на државата. Еве, Г-дине Исмет Рамадани, со сиот респект кон тебе, дали ние од МВР и од другите релевантни фактори во државата не добиеме податоци за тоа кој побарал државјанство, кој не добил, да ги имаме сите таксативно. Тие работи како бројка и како факти, како јас ќе одлучувам на оваа седница и што да расправам. Треба да сфатиме елементарни поими дека се овие. Мислам дека тоа прашање може на друг начин преку пратеничката група да се покрене, механизмите на државата преку Владата да се активираат, да се добијат тие показатели во Собранието преку комисиите и дури тогаш ние можеме да расправаме. Ништо не треба да спориме околу ова прашање Г-дине Рамадани. Сосема сум во право. Не можеме ние денес како би расправале еве, јас би сакал да расправаме, ако треба и парламентарното мнозинство ќе кренеме рака да влезе точката на дневен ред. Кажете ми за што ќе расправаме? Какви податоци ние имаме? Не знаеме ни колку има во држава РМ доселени, дали има такви што бараат државјанство, колку, по која линија, по маж, по жена, дали дете итн. Тоа се премногу сериозни работи за вака да се однесуваме. Благодарам.

Исмет Рамадани, стани и демантирај го тоа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Мислам дека нема потреба за некоја реплика: Г-динот пратеник Исмет Рамадани не бараше на оваа седница да расправаме по таа информација, затоа што ја немаме таа информација. Но, интервенираше за наредната седница навистина таа информација да биде доставена.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Дозволете ми Г-дине претседателе, благодарам за сиот респект што го имате Г-дине Котевски, меѓутоа не заборавајте дека, сепак имам поминати овде 10 години во ова Собрание. Бевте и вие во првата постава, јас поставив барање уште на минатата седница до Владата на РМ, да се подготви таква информација т.е. за наредната седница, тоа значи дека до наредната седница можат да расправаат врз основа на таа информација сите собраниски тела и комисии, така што денеска ќе беше на дневен ред како информација, ќе имавме

материјал, се разбира за тоа што потполно се согласувам, ќе имавме, ама немавме денеска и јас прашувам зошто немаме. А, зошто немаме? Затоа што, од министерството, односно од Владата не е доставена таква информација.

Јас, затоа, на крајот, дури не сакав со претседателот понатаму да ... не земав збор, со самиот факт дека неговиот коментар докажа дека Владата не доставила таква информација, за која требаше ние да информираме, мислам да дискутираме.

Сега, единствено што ми преостанува?

Ми преостанува уште еднаш јавно да кажам дека, еве, за наредната седница да имаме материјал врз основа на што односно информација, да расправаме како пратеници. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

За збор се јави г-динот пратеник Кирил Настевски.

**КИРИЛ НАСТЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, овдека слушавме различни дискусии околу прашања кои треба да ги поставуваат пратениците односно да побараат информација од Владата. Јас мислам дека дел од тие дискусии воопшто надржат, бидејќи некои прашања за некого се итни, а за некого можеби да не се. Јас се јавив да го поддржам барањето на информација од Владата на РМ за штетите кои што се предизвикани од невремето во Пелагонија каде што особено пострада Битолскиот дел, пострадаа многу земјоделски култури, дури и 100% се уништени и сега никој не дојде да каже дека правото на неколку пратеници што отишле да разговараат со министерот дека таа работа ќе се средела, ќе се кажело и тие само да знаат, а останатите пратеници и јавноста да не знае.

Според тоа, сметам дека Владата треба да подготви комплетна информација за тие штети таму, бидејќи таму е сериозна работата и треба да каже какви излезни решенија и каква помош на земјоделците ќе им даде. На наредна седница таа информација треба навистина овде да дојде, бидејќи такви работи многу често ни се случуваат. Многу штети во Македонија, а вие знаете и во минатата година повеќе пратеници бараа такви податоци и информации, но Владата досега не излегува со такви податоци. Ако податоците Владата ги дава на двајца или петмина пратеници, сметам дека тоа не е во ред, за што граѓаните и сите ние во овој Парламент треба да знаеме за таа работа. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Мислам и ова ваше барање ќе го доставиме до Владата и верувам на наредната седница ќе бидете информирани.

За збор се јави г-динот пратеник Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Г-дине потпретседателе, предлагам точката која е тука во предлогот, кој е доставен до нас како точка 6, Информација за потребата од склучување на конвенција за заштитата на малцинствата меѓу РМ и Република Албанија, да се симне од дневниот ред. Јас верувам дека и предлагачот ќе се согласи со тоа од следниве причини.

Прво, оваа важна точка воопшто немаме, барем јас колку што сум информиран, мислење од Владата, Што е многу важно да се има такво мислење, иако сите коалициони партнери односно тие кои го сочинуваат владиното мнозинство се согласија, го поддржуваат таквиот предлог предложен од страна на г-динот Андов, освен ДПА нема информации, и во Комисијата за. надворешна политика тие ставови беа овде изнесени. Мислам дека е многу важно да се има мислење од Владата по ова важно прашање, бидејќи според мое длабоко убедување, познавајќи ја материјата, која се однесува во доменот на меѓународното право воопшто не е пракса да се склучуваат такви конвенции помеѓу соседни држави па и други држави. Напротив, се работи за нешто многу анахроно два века понапред се користеше помеѓу некои држави, мислам дека во сегашнава состојба тоа е за Македонија деградирано. Во прашање е имиџот на државата, во прашање е авторитетот на ова Собрание, кое поддржува таква информација, за да се пристапи кон преговори за таква конвенција. Мислам дека се работи за една работа многу привидна, од причина што многу е јасно зошто се предлага таква конвенција само со една држава т.е. само со Република Албанија. Зошто не се предлага, на пр. со Бугарија, каде имаме исто така чувствителни состојби во меѓуетничките односи, признавање, непризнавање итн. Прашањето на реципроцитетот е веќе застарена форма во меѓународно правната комуникација од причина што сега се користи реципроцитет, меѓутоа како права на граѓаните. Две држави ако склучуваат спогодба или конвенција предвидуваат дека ќе

признаваат некои ексклузивни права на граѓаните нивните територии. Дали тоа се права за поседување на имот, недвижнина или ексклузивни права, статусни права и т.н. Меѓутоа, не може да се има етнички елемент во сето ова. Од причини, што сето тоа е неприродно. Можете да имате две држави, една со поразвиен степен на демократија, а друга помал. Што сега, оваа поразвиената да ја имитира или да ги деградира правата на националните заедници на ниво на другата, која е можеби 50-тина години station наназад. Ова го велам како пример.

Затоа предлагам, можеби и предлагачот ќе се сложи со тоа, бидејќи има дополнителни сознанија дека се предлага нешто што воопшто не е модерно во меѓународната правна комуникација. Напротив, тоа припаѓа на ЏВИИИ век. Тоа е прво и како информација, за која би можело да се расправа. Предлагам да се подготви материјал за наредната седница во однос на приватизацијата на објектите од 1996 год, па наваму. Тука имаме посебно еден материјал поделен до сите работни групи, се работи за ИГМ - ВРАТНИЦА, кои го имаат испратено овој материјал и тоа е една визија, која е многу важна и да се види другата страна т.е. официјалните документи.

Трето, една забелешка по однос на вчерашната блокада на патот Гостивар - Тетово на штрајкувачите од ГОТЕКС. Никој ништо не презема, практично, тој пат беше блокиран намерно или ненамерно до 14,00 часот, така што не им беше овозможено на голем број на граѓани да учествуваат на протестите во Тетово. Мислам, зошто некој од Владата не се најде да појде и да разговара со нив, па да мораат тие да излегуваат и да ги блокираат патиштата. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Мерсел Биљали.

Точно е дека ние од Владата немаме мислење околу оваа Информација, за точката 7, Владата не расправала. На последната сеница на Владата, колку што јас сум информиран беше симната од дневниот ред. Затоа добро би било да го имаме мислењето од Владата, а после расправата во комисиите односно собраниските тела, мислам дека ќе беше попогодно и ние на некоја наредна седница да расправаме. Затоа мислам дека ќе беше во ред да ја симнеме оваа точка од дневен ред. Но, сепак мнозинството од пратениците се тие што можат да одлучат.

Јас можам да го ставам на гласање овој предлог на господинот Мерсел Биљали, ако предлагачот нема нешто да додаде.

Господинот Стојан Андов бара збор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине потпретседателе, јас не го прифаќам предлогот на господинот Мерсел Биљали. Тој фактички навлезе во расправа по содржината на Информацијата и со тоа тој докажа дека Информацијата денес треба да биде на дневен ред.

Што се однесува до Мислењето на Владата, овде не се создаваат обврски на Владата, туку и се препорачува на Владата и Владата може да почека да види каков ќе биде ставот на Собранието, така да не е неопходно Мислењето на Владата за денешната расправа.

Сите надлежни работни тела го гледаа тоа и препорачаа да се расправа на седницата на Собранието.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Има збор господинот пратеник Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Господине потпретседателе, господа пратеници, членови на Владата на Република Македонија.

Не е во ред од некои пратеници од ВМРО-ДПМНЕ, па и последниот, г. Андов, да презема права кои не се во негова надлежност, поготово кога треба Владата на Република Македонија да се произнесе за тоа. Јас не можам да ги разберам господата дали се во улога на адвокати на Собранието, дали се во улога на адвокати на Владата на РМ, или пак сакаат да подвлечат една паралела меѓу Стојановски и Илјаз Халими, во оваа Собрание и денес да не се расправа и да се дига прашина, бидејќи не сме во состојба како што ни доликува да работиме.

Некогаш кога немаме мислење од Владата на РМ господинот Андов ги симнувал од дневен ред точките по кои не се изјаснила Владата на РМ. Зошто денеска г. Андов за едно исто однесување, кога тој заседаваше во Собранието на РМ и сега има два аршини на однесување. Би било излишно и потребно повеќе да се коментира или пак да се направи обид на некоја паралела меѓу вас и Стојановски. Ние тоа нема да го дозволиме.

Јас сум сигурен дека од Владата на РМ нема мислење и Собранието не е должно да расправа по таа Информација. Доколку во меѓувреме ни дојде мислење од Владата на РМ која е компетентна за таа

информација, за таа Конвенција, за потпис меѓу две влади, Владата на РМ и Владата на Република Албанија, тогаш г. Андов нека се подигне над она што се ингеренции на еден пратеник и на една иницијатива. Таа е една доброволна и добронамерна негова иницијатива, а допрва за неа и кога ќе биде на дневен ред и кога ќе има мислење од Владата, ние ќе имаме што да кажеме за добрите намери на г. Андов.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот Сејфедин Харуни.

Ние имавме конкретен предлог од г. Мерсел Биљали точката 7 денес да ја симнеме од дневен ред. Тој даде и дополнителни објаснувања.

Предлагам предлогот да го ставиме на гласање. Молам да гласаме.

Вкупно гласаа 69 пратеници.

"За" гласаа 15.

Еден пратеник е "воздржан".

53 пратеници се "против".

Значи, предлогот да се симне од дневниот ред точката 7, не се прифати.

На ред за збор се јави господинот пратеник Љатиф Пајкоски.

**ЉАТИФ ПАЈКОСКИ:**

Господине потпретседателе, колеги пратеници, јас уште на 11-тата седница, одржана на 25 февруари минатата година побарав информација од Владата за бројот на граѓаните на РМ, на возраста од 28 и 32 години, кои од разни причини го немаат отслужено воениот рок. Тогаш од претставникот на Владата предлогот беше прифатен, со ветување дека таа информација ќе ја добиеме на првата наредна седница.

Чекајќи ја таа информација јас и на 23-тата седница одржана на 14 јули 1999 година повторно ја потсетив Владата за преземената обврска и повторно тогаш од претставникот на Владата слушнавме дека за првата наредна седница ќе ја добиеме таа информација.

Исто така, чекајќи да ја добијам таа информација, јас бев со намера да се откажам од понатамошно асистирање за една таква информација, се до седницата на која се расправаше по интерпелацијата на министерот за одбрана г. Кљусев. Тогаш од дискусиите на таа седница се убедив дека треба да бидам поупорен и сепак да ја барам таа информација и тоа заради неколку работи:

Прво, од одредени колеги пратеници кои дискутираа на таа седница произлегоа неколку факти, особено дискусијата на г. Амди Бајрам која беше насочена во укажувања дека во последно време се поголем е бројот на граѓани од РМ кои заради работа во странство не биле во можност да одат на отслужување на воениот рок. И сега, заради правосилни судски одлуки истите се затвораат односно на истите им се одземаат патниците исправи уште при влегување во државата. Тоа беше едната причина.

Втората причина беше што еден добар дел од дискусијата на министерот Кљусев беше насочена во правец на подготвување и носење на новиот закон за одбрана на РМ. Всушност, еден добар дел од таа дискусија беше насочен баш на оваа иницијатива за која што реков дека јас уште во февруари месец минатата година ја покренав.

Во дискусијата на министерот на неколку пати беше потенцирано дека ќе се овозможи на одредена категорија на граѓани кои од оправдани причини не биле во можност да го служат воениот рок и тоа од причини што евентуалното служење на воениот рок ќе значи губење на работното место во странство, а имајќи ја предвид вкупната состојба во државата, Република Македонија би се соочила со уште еден поголем број на лица - невработени. Од тие причини мислев дека беше добро министерот Кљусев да потенцира дека таквите заложби за менување на одредбите од постоечката законска регулатива, а во Законот за одбрана беа покренати баш од овој Парламент, па и не мораше да се каже од кој пратеник. Всушност, во овој Парламент произлегоа такви иницијативи.

Со оглед на тоа што ни беше кажано дека наскоро во собраниска процедура ќе дојде на разгледување и тој закон, сметам дека е од голема важност пратениците да ја добијат оваа информација за да може сите оние кои што сакаат да се вклучат во дискусиите по тој закон, порационално да ги согледаат причините заради кои што во новиот закон, веројатно, се предвидува друго решение од ова што е во сегашниот закон.

Од таа причина јас барам повторно, веќе по трет пат Владата на РМ односно Министерството за одбрана да ја подготви и да ја достави бараната информација.

Инаку, имам информации дека веднаш после поднесувањето на моето барање во Министерството за одбрана се постапило во подготвување на такви

податоци. Јас верувам дека тие податоци Министерството ги има, или ако ги нема, да се каже дека таква информација не може да се достави.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Љатиф Пајкоски.

Ние уште еднаш ќе интервенираме за да ја добиете оваа информација и верувам дека таа информација ќе ја добиете на наредната седница, како и другите информации кои овде беа поставени како барање од другите пратеници и нема по четврти пат да барате вакви информации.

**ЉАТИФ ПАЈКОСКИ:**

Јас сум задоволен и единствено вам господине потпретседател ви верувам и се надевам дека вие ќе бидете доследни на ветувањето.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Има збор господинот пратеник Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани министри, почитувани колеги пратеници.

Пред да почнам со моето барање за кое бев пријавен за дискусија, сега би сакал да кажам нешто околу тоа што пратеникот пред мене го говореше и би сакал да дополнам уште нешто.

Сакам да го информирам Собранието на РМ, минатиот пат кажав нешто, но, целосно не го кажав тоа а сега би сакал да дополнам. Имено, има многу граѓани од РМ кои работат во странство и кои треба да дојдат на годишен одмор овде во земјата. Јас имам сознание, доста од нив се обратиле до мене, се плашат да дојдат тука со нивните деца, се работи за граѓани на РМ без разлика од која националност се, значи се плашат затоа што на граничните премини ги притвораат веднаш. Сега тоа одите низ цела Европа, низ цел свет, како алармна ситуација и никој не сака да дојде на одмор во Република Македонија. Има значи многу случаи, јас ги знам, јас кажам минатиот пат, кои се притворени. Затоа би се приклучил кон барањето на г. Пајкоски за да може, тие потерници за граѓаните, без разлика од која националност се, да се прекинат и тие да си дојдат во државата и да видат после таа постапка како ќе оди. Вака нивните родители не доаѓаат, не доаѓаат и тие граѓани кои се за отслужување на воениот рок. Има некои граѓани со 35 години, со 3-4 деца се и сега го тераат од таму, од таму директно му ги ставаат лисиците, или од граничниот премин и директно ги ставаат во притвор во Шуто Оризари. Има граѓани кои се осудени на 1, 2, 3 години затвор.

Значи, сакам тоа да го образложам да го знаат пратениците, без разлика од која националност се, тоа се граѓани на РМ и граѓани од различна националност.

Сега сакам да се изјаснам по тоа што претходно се пријавив за дискусија.

Барам во дневниот ред, ако не може на оваа седница, бидејќи од Министерството за труд и социјална политика овде нема присутен претставник, имено не е присутен министерот, тука е заменик министерот, а министерот директно ми ја даде информацијата. Имено, на една од претходните седници јас побарав во дневниот ред да се врсти точка за Ромите кои се дојдени овде од Косово.

На таа седница ми се одговори дека ќе ми се достави информација од Владата на РМ за тоа какво ќе биде нивното враќање и каде ќе бидат сместени Ромите бегалци од Косово.

На сите ви е познато дека со новото продолжување на престојот на Ромите во Македонија за уште три месеци, требаше во Шуто Оризари да се изградат кампови, односно да се ставаат шатори. Тоа граѓаните во Шуто Оризари не го дозволуваат и јас барав овде да расправаме за тие Роми од Косово кои се со статус на хуманитарно згрижени лица овде во Македонија. Значи, сакав јас овде на седница да расправата за проблемот на тие роми, затоа што помина повеќе од една година како тие се овде.

Инаку, јас добив информација од Владата и не сум задоволен од истата.

Молам, како што реков на почетокот, ако може на оваа седница да се врсти точка на дневен ред, ако не, за наредната седница и да се расправа за тие Роми.

Јас како што реков ја добив информацијата од Владата и Владата и Министерството за труд и социјална политика остануваат на тоа дека донеле одлука избеглиците Роми од Косово да бидат сместени во шатори, во Шуто Оризари. Значи, се обновува истата одлука што е донесена.

Барам од пратениците на Република Македонија, ве молам, ако сакате на оваа седница да влезе точка на дневен ред, или на наредната седница за да може повеќе да дискутираме околу тој проблем и еднаш да го расчистиме тој проблем на Ромите дојдени од Косово во Република Македонија, да видиме што и како ќе биде

со нивното враќање, нивниот статус овде во Република Македонија и понатаму да не ги револтираме граѓаните од градот Скопје и другите Роми. Доаѓа лето и првенствено еколошки не е добро тие да се сместат под шатори. Ние гласавме за Законот за екологија овде во Собранието, а ние со тоа го нарушуваме Законот за екологија.

Барам од вас потпретседателе и од сите пратеници во Собранието на Република Македонија, ако може да се внесе точка во дневниот ред на оваа седница денес или тоа прашање да биде на дневен ред на следната седница, бидејќи не сум задоволен од информацијата на Владата и на министерот. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Амди Бајрам.

Имаме претставник од Владата, заменик министер за труд и социјална политика, мислам дека ќе ги има предвид овие ваши искажувања, барања и верувам дека на наредната седница таа информација ќе биде подготвена.

Мислам дека бевте конкретен.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Околу истото бев конкретен, дали прифаќате на оваа седница да се внесе како точка на дневен ред или наредната седница, тоа ќе го каже заменик министерот или вие господине потпретседателе ќе го прифатите да се гласа или како било.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Да го слушнеме заменик министерот за труд и социјална политика ако може за наредната седница да подготват информација.

Има збор заменикот министер за труд и социјална политика.

**ЗАМЕНИК МИНИСТЕР ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА:**

Мислам дека информацијата е 30
подготвена и испратена, доколку господинот пратеник не е задоволен, може да биде проширена за некој битни работи за кои смета дека не се изнесени во информацијата.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Пак за збор се јави господинот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Господин потпретседателе, заменикот министер конкретно не кажа, јас ја имам информацијата, не сум задоволен, туку барам Собранието да расправа, да влезе на дневен ред. Тоа е тоа, тоа е до Собранието затоа што јас ја имам информацијата, минатиот пат барав точка на дневен ред, ја добив информацијата, ми рекоа да не биде на дневен ред, има, записник, има стенографски белешки, да не биде на дневен ред додека не ја добијам информацијата. Сега барам на дневен ред да биде дали на оваа седница или на идната седница. Не сум задоволен од информацијата.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Видете господине пратеник Амди Бајрам, бидејќи телата немаат расправано околу оваа информација, јас мислам на наредната седница ќе беше попогодно да се внесе на дневен ред и да расправаме. До тогаш Собраниските тела ќе расправаат за оваа информација.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Потпретседателе, јас сум јасен и дециден, дали оваа или следната седница прифаќате, сакам да знам. Дали Собранието прифаќа?

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Предлогот на господинот пратеник Амди Бајрам го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме да биде на дневен ред на наредната седница.

Вкупно гласаа 62 пратеници од кои за 30 пратеници, воздржани осум и 24 против.

Значи, предлогот не е усвоен.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Се сомневам во гласањето и барам поединечно гласање.

Барам поддршка од 10 пратеници.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Дали 10 пратеници се согласуваат уште еднаш да го повториме гласањето? Има осум.

**АМДИ БАЈРАМ:**

има.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Ве молам уште еднаш да гласаме.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Господине потпретседателе барам поединечно гласање.

Не барам за оваа седница, туку за наредната седница.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Дали 10 пратеници го поддржуваат предлогот на господинот Амди Бајрам поединечно да гласаме?

**АМДИ БАЈРАМ:**

Да, барам за наредната седница да биде на дневен ред, еднаш за ромите бегалци да расчистиме.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Јас не гледам дека имате поддршка.

Пред малку ги пребројав имаше само осум.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Господине потпретседателе, ако мислите дека немам поддршка нека се гласа за поддршката, а не вака со рака.

Дајте на монитор, кој е за, кој е против.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Процедурално госпоѓа пратеничка Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Ми се чини заради бројните суфлирања очигледно господинот Амди Бајрам во случајот јас не знам што бара, прво и основно таа информација е пратена. Ние како пратеници имавме можност да ја видиме. Не поминала на собраниските тела кои се надлежни за да биде вклопена на денешниов дневен ред. Ми се чини дека и вие воедно и заменикот министер му рече дека ќе биде на следната седница ставена на дневен ред, сега не знам што е барањето и поддршката за поединечно гласање, ако случајот е комплетно јасен.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Тој бараше на оваа седница да биде ставена на дневен ред.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Па не е гледана на телата, како ќе биде ставена на Собрание.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Дали се согласувате на наредната седница да биде на дневен ред?

**АМДИ БАЈРАМ:**

Јас се согласувам ако прифатите на наредната седница да биде на дневен ред господине потпретседателе.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Деловнички повелете господине Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ :**

Господине потпретседателе, мислам деловнички ја водите и вие не можете да го оспорувате правото на поединечно гласање кое е побарано. Пратеникот имаше поддршка од 10 пратеници, но јас би сакал пред да се одлучува поединечно да укажам во однос на актуелноста на ова прашање. Би укажал дека на оваа седница треба да се постави, да се разгледува информацијата која е добиена од Владата. Бидејќи на овој Парламент се расправаше повеќе пати, министерот за труд и социјална политика пред овој Парламент и пред овие пратеници зеде цврсто обврска дека се работи за бегалци или хуманитарно згрижени лица во Република Македонија во поголем дел од ромска националност кои се сместени во Пробиштип, во туристичките населби во Претор и во Струга.

Јас би зборувал од актуелната состојба во детските летувалишта. Пред прагот сме на туристичката сезона. Би сакал да укажам дека и граѓанството и комерцијалните објекти од туристичката населба Претор и граѓаните на Преспа се подготвуваат за масовен митинг, бидејќи не од причини кои не би требало овде да се сфаќаат на национална и друга основа, во туристичката населба Претор во тек се подготовките за пречек на туристичката сезона во која имаат сместено голем број на комерцијални објекти. Од сите тие корисници до локалната самоуправа се најавуваат дури и тужби против Република Македонија како држава за изгубена добивка, бидејќи објектите не ќе можат да бидат прилагодени, туристи нема да дојдат ни во работничките одморалишта. Затоа инсистирам, состојбата е актуелна, преземени се обврски од Владата на неколку пати, бидејќи детските летувалишта ќе бидат ослободени за екот на туристичката сезона, ќе повторам министерот на локалната самоуправа на претставниците на граѓаните, на здруженијата стриктно им беше кажано дека до почетокот на април, па на мај, сега се продолжува рокот до почетокот на јуни, сметам дека сите услови за расправање по овој проблем кој треба да се реши, бидејќи доколку се одлага од една седница на друга, ќе ја пропуштиме туристичката сезона.

Затоа предлагам, пратениците поединечно да се произнесат и да расправаме и да ја задолжиме Владата, бидејќи Владата на претходната седница расправаше по овој проблем, слушнавме од средствата за информирање искажувања од министерот за труд и социјална политика, дека детските летувалишта и во овие градови и населби ќе бидат ослободени, точно претставникот на Владата да ни каже, бараме и во расправата до кој рок ќе бидат испразнети детските летувалишта, тоа е прашањето кое е актуелно, а пратеникот Амди Бајрам бара од друг агол, тој бара тие да не бидат

сместени под шатори, ова Собрание расправаше за тоа и затоа би укажал на пратениците да го расчистиме, бидејќи од аспект на пречек на туристичката сезона е многу актуелно. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Ви благодарам и вам.

Предлогот на господинот Амди Бајрам мислам дека беше, јасен, тој бараше ако не на оваа седница, тогаш на наредната седница и тоа е прифатено.

Повторно деловнички господинот Гештаковски.

**АЛЕКСАНДРАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине потпретседателе, не можете да утврдувате дневен ред за наредна седница. Деловникот е јасен. Амди Бајрам поднесе и благовремено ако бара нова информација вие како претседавач сте должни да го ставите на дневен ред. Дали Парламентот ќе го усвои или не, тоа е прашање на Парламентот, но ние како Парламент отворивме такво прашање на претходната седница. Ние не можеме да утврдуваме дневен ред за една наредна или за наредната седница. Амди Бајрам кажа или оваа или наредната. Нека дефинира. Доколку има јасен предлог на оваа седница да се изјасниме да влезе информацијата која ја имаме добиено од Владата, а за наредната седница ни вие смеете, согласно Деловникот, да утврдувате дневен ред. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Колку ве слушнав сега вие имате посебно барање денеска да расправаме и за оваа информација.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Ако пратеникот Амди Бајрам кој изречно би го цитирал дали бара тој на оваа седница или на една од наредните, тоа ако не го дефинира на оваа седница, а утврдено е согласно Деловникот да се изјасниме поединечно, јас го давам предлогот на оваа седница да расправаме по информацијата која ни е доставена благовремено од Владата. Доколку има потреба во текот на расправата што укажуваше колешката, тогаш се прекинува седницата и една од матичните работни тела може да даде мислење на Парламентот па да оди на одлучување. Тоа е многу јасно во Деловникот.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Бидејќи за наредната седница не е по одлука на Собранието за да можеме да расправаме, тогаш нека биде на денешната седница како последна точка на дневен ред.

Ако не, нека биде поединечно гласање, ако не се прифати, нека не се прифати.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Пратеникот Гештаковски уште еднаш деловнички.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине потпретседателе наредната седница е утврден дневниот ред и ние го добивме решението, мислам дека е предложен. И по наредната е предложен, па во истата процедура ќе влеземе, доколку пред овој Парламент го дополнуваме дневниот ред. Точно е така, бидејќи претседателот на Собранието решението со предложениот дневен ред ни го достави и за 27 мај и за 7 јуни. Тоа е само играње со Деловникот на наредната седница пак ќе дојдеме во слична ситуација на самата седница да се дополнува, бидејќи роковите од 15 дена и 30 дена се јасни, претседателот ги почитува. Затоа сметам дека треба да се изјасниме, а истата состојба ќе ја добиеме на наредните седници, бидејќи вие како претседавач и претседателот на Собранието ни ги достави решенијата со предлог на дневен ред. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Мислам дека е се јасно, тогаш го ставам на гласање Предлогот на господинот Гештаковски, двајцата се согласија за тоа денеска да ја ставиме на дневен ред Информацијата.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 66 пратеници од кои 30 за, 3 воздржани и 33 против.

Значи, Собранието не го усвои предлогот оваа информација да биде ставена на дневен ред на оваа седница.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Бидејќи се сомневам во гласањето, барам поддршка од 10 пратеници за поединечно гласање.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Добро, имате доволно гласови.

Одиме на поединечно гласаше.

**КАРОЛИНА ОГЊАНОВИЌ - ЧУКАЛИЕВА:**

1. 1. Јонуз Абдулаи - воздржан
2. 2. Абдурахман Алити - за
3. 3. Абдула Алиу - отсутен
4. 4. Милојко Ангеловски - отсутен
5. 5. Стојан Андов -отсутен

6. 6. Кирил Андоновски - против
7. 7. Љупчо Анушев - отсутен
8. 8. Амди Бајрам - за
9. 9. Фадил Бајрами - воздржан
10. Димитар Баткоски - против
11. Мерсел Биљали - воздржан
12. Валентина Божиновска - против
12. Јордан Бошков - отсутен
13. Димитар Бузлевски - за
14. Абдулади Вејсели -воздржан
15. Слободан Гарчески - против
16. Васил Гаџовски - отсутен
17. Михајло Георгиевски - против
18. Трајко Гешоски - за
19. Александар Гештаковски - за
20. Данило Глигороски - отсутен
21. Петар Гошев - отсутен
22. Слободан Даневски - отсутен
23. Замир Дика - воздржан
24. Ванчо Ѓоргиев - отсутен
25. Илија Ѓоргиев - отсутен
26. Фатмир Етеми - отсутен
27. Васил Ефтимов - против
28. Насер Зибери - воздржан
29. Љубисав Иванов – Ѕинго - отсутен
30. Мирко Иванов - за
31. Илија Илоски - за
32. Делче Ицков - против
33. Никола Јованов - за
34. Весна Јовановска - против
35. Марика Јорданова - против
36. Назми Кадриу - против
37. Радомир Карангелески - за
38. Жарко Караџоски - против
39. Митко Киров - против
40. Лазар Китаноски - отсутен
41. Саво Климовски - отсутен
42. Стојан Ковачески - за
43. Ѓорѓи Котевски - против
44. Чедомир Краљевски - против
45. Илија Лазаров - против
46. Горанчо Лазов - против
47. Алириза Лога - за
48. Билал Љутфии - против
49. Васе Манчев - против
50. Наталија Марковиќ - Димова- за
51. Ѓулистана Марковска - против
52. Деспина Марковска - против
53. Звонко Мирчески - против

54. Драган Митевски - отсутен
55. Илинка Митрева - отсутна
56. Кирил Настески - за
57. Рубенс Наумовски - против
58. Горан Невеновски - отсутен
59. Латиф Пајкоски - за
60. Александар Пандов - против
61. Ванчо Панчев - против
62. Илија Пемов - против
63. Тито Петковски - за
64. Чедо Петров - за
65. Томислав Петровски - отсутен
66. Филип Петровски - против
67. Азис Положани - воздржан
68. Стојан Попов - за
69. Љубомир Поповски - за
70. Никола Поповски - за
71. Илија Прангоски - отсутен
72. Исмет Рамадани - отсутен
73. Љупче Ристески - отсутен
74. Ненад Ристовски - против
75. Нано Ружин - за
76. Илјаз Сабриу - воздржан
77. Аце Сајкоски - против
78. Аслан Селмани - воздржан
79. Борче Сибиновски - против
80. Вангел Симев - против
81. Ристо Спанаков - за
82. Крале Спанчевски - против
83. Ѓорѓи Спасов - за
84. Милан Ставрев - против
85. Наќе Стојановски - за
86. Томислав Стојановски - против
87. Воислав Стојаноски - против
88. Благој Стојковски - за
89. Златко Стојменов - отсутен
90. Владо Сугаревски - против
91. Оломан Сулејмани - воздржан
92. Ризван Сулејмани - отсутен
93. Мухамед Таири - отсутен
94. Александар Талевски - против
95. Мевљан Тахири - отсутен
96. Митко Тилевски - отсутен
97. Ѓорѓи Тодоров - против
98. Ристо Тодоров - отсутен
99. Павле Тодоровски - за
100. Панде Томов - отсутен
101. Коце Трајаноски - отсутен
102. Горанчо Трајков - против

103. Танас Трајковски - за
104. Александар Трпевски - против
105. Борислав Трповски - отсутен
106. Слободан Ќосев - против
107. Илија Филиповски - за
108. Александар Флоровски- против
109. Илјаз Халими - воздржан
110. Благој Ханџиски - за
111. Сејфедин Харуни - за
112. Кастриот Хаџиреџа - воздржан
113. Бранко Црвенковски - отсутен
114. Миланчо Черкезов - против
115. Ванчо Чифлиганец - отсутен
116. Арбен Џафери - отсутен
117. Хисни Шаќири - против
118. Алија Шахиќ - отсутен
119. Радмила Шеќеринска - за

Дали има некој кој во меѓувреме дојде во салата?

Васил Гаџовски - против

Стојан Андов - за

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Вкупно гласаа 85 пратеници.

За предлогот гласале 31 пратеник, против 44 и12 воздржани.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

За збор се јави г. пратеник Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Почитуван потпретседателе, ако се сеќавате јас на претходната седница кога имавме долга расправа околу утврдувањето на дневниот ред и кога влеговме со тогашниот претседавач на таа седница господинот Томислав Стојановски во еден конфликт околу толкување на Деловникот на Собранието, го поставив прашањето за штетите што ги трпи градежништвото од последните покачувања на цените на нафтените деривати и градежништвото се најде во една затекната ситуација од порано потпишани договори по веќе утврдени цени единични за изградба на автопатот од Скопје до Тетово и од Велес до Градско. И тогаш за жал не наидовме на разбирање со тогашниот претседавач таа точка да влезе во дневниот ред и се задолжи Владата да изготви една комплетна и комплексна информација за тие претрпени штети. Напротив, претседавачот тогаш ме обвини дека ја рушам целата седница, не сакам да се утврди дневниот ред и со едно банално образложение ја отфрли точката, дека наводно сите тие математики што ги изнесов околу штетите што ги трпи градежништвото во Република Македонија виза ви последното покачување на цената на нафтените деривати се засновало на некои претпоставки.

Да потсетам, не помогна ниту моето укажување дека говорев со децидни факти, меѓутоа сега треба да му се извинам дека тој бил во право, не сум бил јас тогаш во право, бидејќи за не цела недела дојде до ново покачување на цената на нафтените деривати и моите аргументи тогаш што ги кажав добија третман на претпоставки. Денес ситуацијата е сосема нова, меѓутоа во правец на натамошно влошување на она што го говорев од претходната седница. Затоа би ве молел најсериозно да се сфати овој проблем бидејќи два сегмента од стопанството, тоа е градежништвото и земјоделието драстично се погодени со последните покачувања на цената на нафтените деривати на домашниот пазар кои во серија ни се случуваат скоро секоја недела. Владата под итно да изготви информација и за наредната седница да ја достави до Парламентот на разгледување за штетите што се трпат во градежништвото како и предлог мерките за санација на истите.

Веќе кога добив збор, би сакал да поставам едно деловничко прашање? Кога ќе продолжи седницата, дали Претседателството на Собранието има расправано кога ќе ја презакаже, или продолжението на седницата за пратеничките прашања. Ако се презакаже за скоро време, месец и пол дена веќе доцниме од прекинувањето на таа седница и дел од нашите пратенички прашања кои беа спремни веќе губат од актуелноста, а имаме голем притисок од гласачкото тело тие прашања да ги поставиме. Затоа добро е оваа сугестија да се искористи и во најскоро можно време, следната недела да се закаже таа седница како не би влегувале во долготрајно утврдување на дневниот ред на секоја седница, дел да добиваат третман на информации што ги бараме, дел добиваат третман на пратенички прашања.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Јас мислам дека Владата ова ќе го има во предвид, по точно Министерството за урбанизам и градежништво и мора да подготват информација околу ова ваше прашање.

Што се однесува до второто прашање, по враќањето на претседателот

од пат, за една недела Претседателството ќе одржи состанок и веројатно на тој состанок ние ќе одлучиме на која наредна седница пратениците ќе можат да поставуваат пратенички прашања до Владата.

За збор се јави г. пратеник Азис Положани.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Јас сега добив информација дека за истата проблематика што јас сакам повеќе да информирам и да барам мислење од Владата уште сега, известен сум дека и г. Биљали исто така постави едно прашање во врска со некои настани, не само вчерашни, туку и денешни кои што се случуваат околу Гостивар. Бидејќи и вчера и денеска имавме така да кажам или згодна, или незгодна прилика, или пријатна по тоа што бевме во можност да се запознаеме со проблемите на некои вработени таму, веројатно стечајци, а непријатна што бевме приморан и ние да чекаме и да задоцниме на седницата на овој Парламент, заради блокадата каде што полицијата таму навистина и покрај нашето барање да ни обезбедат слободен тек и ние да дојдеме тука на време, тие не беа во можност тоа да го направат и уште повеќе што не упатуваа кон организаторите на штрајкот, тие ако дозволат, ние да поминеме, ако не, тие не преземаа ништо. Мислам дека таков начин на работа не е добар, а ние како пратеници нормално дека бевме дојдени во ситуација да не знаеме што да правиме во такви моменти. Јас сакам да прашам, дали Владата презема мерки за решавање на нивните проблеми. Прво, не случајно го поставувам ова прашање, затоа што тоа е главниот проблем што предизвикува и таква блокада, значи тие не се криви што излегуваат на пат, туку во прашање е неможноста да се најде решение на нивните проблеми. Јас не знам какви треба да бидат тие, но веројатно Владата треба да има или информација, или ние тука ако треба, што превзема за да се задоволат тие нивни барања, за да не би дошло да таква состојба како што дојде вчера и денеска.

Дали Владата веќе е информирана дека има блокада на национален пат.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Се извинувам, но ние немаме сега седница за поставување на пратенички прашања. Ние го утврдуваме дневниот ред.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Ја сфаќам вашата интервенција. Дали Владата знае, или ова Собрание дека веќе два дена се блокира национален пат во Република Македонија и нема можност на проток на тој дел во одреден период на време. Според тоа, дали има можност, или како ќе биде утре, дали ќе имаме утре исто таква блокада, или задутре, или после неколку дена, за да ние во тоа време или да не планираме да патуваме, или тие бизнисмени или луѓе кои што сакаат во тој момент да патуваат, да не планираат, затоа што веројатно ќе задоцнат, или се мисли навистина да се седне со тие засегнати луѓе таму и да го решаваат тој проблем и во секој случај да не биде блокиран тој пат, затоа што веќе доста негативно делува во секој смисол на животот на државата. Прво, сакам да го информирам Парламентот зошто задоцнивме денеска и вчера и дали и понатаму ќе доцниме заради исти причини. Значи да се преземе нешто за да не дојде до таква ситуација како што беше денеска.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Состојбата мислам дека ја знаеме. Навистина пратениците кои патуваат на тој пат имаат проблеми. Јас мислам дека министерствата мораат ова да го имаат во предвид и денеска да расчистат со овој проблем. Така што во наредните денови мислам дека нема да имате проблеми ни вие, ни сите граѓани, сите тие кои поминуваат низ тој пат.

Има збор г. пратеник Стојан Ковачевски.

**СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:**

Му давам поддршка на претходниот пратеник, истото не снајде повеќемина, меѓутоа мислам дека не се многу битни пратениците кои што не имаше 5-6 мина, колку што беа стотина граѓани кои што беа сопрени, со болни луѓе, со мали деца итн. Сметам дека оваа појава се повторува неколку дена и има потреба од информација која што ќе ја изготви Владата до Парламентот и да се запознае Парламентот и јавноста кои се проблемите на овие стотини штрајкувачи кои што сериозно имаат намера, еве најавата е за утре дека 6 часа ќе трае блокадата за разлика од денеска што беше само 2 часа. Сметам и предлагам Владата да изготви информација за причините и состојбата на блокираниот пат на западната магистрала кај Гостивар од “Тетекс”, “Силика” и веќе приклучени се и “Гостиварска трговија”. Луѓето сериозно ги мачат некои проблеми за кои што мислам дека треба да се проговори во јавноста. Тие велат дека нем да престанат со штрајкот додека прашањето не биде поставено на Парламентот.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Ние ќе го упатиме ова ваше барање до Владата и Владата сигурно ќе подготви информација.

За збор се јави г. пратеник Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Господине потпретседателе, господа пратеници, господа министри, би сакал да истакнам еден проблем, кој не пожелувам да го има во Република Македонија, по национална база и по национален основ да има не прилики. Затоа што сите знаете во БИХ и бивша Југославија како се растури, како пукна, во Сараево знаете како отпочна војната. Ова не го кажувам злонамерно, ова го кажувам во интерес на Република Македонија. Ги молам сите пратеници малку повнимателно да слушаат, затоа што секаде може да се случи.

Во општината Шуто Оризари има две основни училишта. Во тие две основни училишта до минатата година учеа три илјади Роми во основно училиште, а од албанска националност имаше некаде од 400-500 ученици. Сакам ова јавноста да го знае. Јас се обидов на некој начин да не кревам врева во Собранието, да не предизвикам некоја национална тензија, не сум со таа намера, не сакам ништо во Република Македонија да биде на таков начин, сакам со добро. Господине потпретседателе во општината Шуто Оризари од тие две основни училишта, во едното училиште е директор Ром, а во другото училиште директор беше Македонец, а сега е Албанец. Без разлика, по мене може секој да дојде за директор. Јас немам ништо против тоа. Од која сака националност нека биде директор, Владата и министерствата кога ќе постават некој вработен, јас го почитувам тоа. Но, една друга работа, се добива тек дали некој тоа намерно го прави во основното училиште "26 Јули" таму меѓу децата ова многу пати се случува, меѓу децата од ромска националност и децата од албанската националност има голем проблем, тие се тепаат меѓу себе, настануваат други проблеми, доаѓаат родители од ромска националност, доаѓаат родители од албанска националност. Јас мислам дека е ова многу сериозен проблем кој досега не сум сакал да го кажам но нормално морам да бидам јасен, дециден и гласен. Ова не го кажувам злонамерно, туку добронамерно за да Собранието на Република Македонија да заземе еден став, затоа што во Собранието на Република Македонија имаме Комисија за меѓунационални односи, имаме Комисија за образование и пратеници кои сме тука блиски соседи на изборни единици. Ова е сериозна работа и да не натураат нас Ромите и Албанците со некои странични натурања, да има проблеми меѓу Ромите. Дојде и полиција, има записник во полиција, јас имам пријавено за да нема проблеми, почнаа и навечер да се случуваат проблеми позадни школото. Значи не сакам да се заземе тек на некоја национална база меѓу Ромите и Албанците, туку сакам Собранието и комисијата да заземе еден став. Предлагам да одиме со некои пратеници во училиштето во Шуто Оризари за да немаат случувањата таков тек, меѓунационални тензии и да има проблеми меѓу децата, затоа што од тие деца ќе произлезе поголем проблем. Јас сум пратеник од општина Шуто Оризари, не сакав ова јавно да го истакнам во Собранието. Знаат господата пратеници од албанската националност од двете партии, ги замолив да одиме заедно сите, тие прифатија и мислам дека би требало и од македонската националност, од сите партии ако треба по еден да одиме и да ја смириме работата за да нема проблеми. Со ова сакам да дадам и апел до граѓаните на Шуто Оризари од ромската националност и од албанската националност, до родителите, дека за ова ќе се преземат мерки и мислам дека се ќе биде во ред, да не се дигаат некои тензии дека ромите тепаат, Албанците тепаат. Ние живееме во една република каде што ги уживаме сите права и децата треба да учат заедно. Ова морав да го искажам тука и му верувам на потпретседателот на Собранието и им верувам на двете пратенички групи од албанската националност дека ќе преземеме заедно мерки и другите пратеници да се приклучиме и ако има на други места вакви проблеми да ги расчистиме, тоа е за добротите на Република Македонија.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Ви благодарам за овие информации околу состојбите во ова училиште. Ние овде немаме претставник од Министерството за образование. Од нив ќе побараме информација за тоа каква е состојбата, за да можеме понатаму да се вклучиме и на тој начин да помогнеме да се расветлат тие проблеми што веќе постојат таму.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Јас не барам од Владата или од Министерството. Јас барам од Комисијата овде што е да има претставник, неколку пратеници, да отидеме таму и да ја снимиме целата ситуација. Тоа барам. Дали може или не може.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Секако дека може.

Мислите пратеничките групи да се сретнат со нив и заедно со нив да се договорите една делегација да оди до таму. Мислам дека е прифатливо тоа.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Збор има господинот пратеник Фатмир Етеми.

Само, ќе ве молам да не поставувате пратенички прашања. За пратенички прашања ќе имаме посебна седница. Ако имате нешто во врска со дневниот ред, тогаш предложете и образложете го предлогот за итноста од ставање на некоја точка на дневен ред за оваа седница.

**ФАТМИР ЕТЕМИ:**

Почитуван потпретседателе, се јавувам само да кажам некои поточни информации во врска со ОУ "26 Јули", бидејќи пратеникот Амди Бајрам кажа дека минатата година имало само 400 ученици Албанци. Да го потсетам дека во тоа училиште учат 1700 ученици од кои 1200 од албанска националност. Значи,неможно е една година пред тоа да е разлика од 600 и 800 ученици.

Сигурно, во секое основно училиште има проблеми, а мислам дека проблемот е тука лоциран, бидејќи површината на училиштето е многу мала да учат 1700 и повеќе ученици во тоа училиште. Наставата се одвива во три и четири смени. Мислам дека тука е проблемот.

Затоа, Министерството за образование треба да преземе мерки да најде локација за градба на уште едно основно училиште во општината Шуто Оризари. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Повторно за збор се јави господинот пратеник Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Господине потпретседателе, јас, можеби со Информацијата на господинот, колегата мој пратеник можеби е така, можеби има повеќе ученици од албанска националност во едното училиште, но едно сакам да кажам, Шуто Оризари и Чари се две општини. (Реакции во салата).

Извинете, итно е ова, господине потпретседателе ова е итно, ова не е пратеничко прашање.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Ве молам, само кратко. Ако е итно, треба да ја ставиме на дневен ред, да гласаме да ја ставиме или не, Сега расправаме за тоа.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Не, не, нема проблем.

Господине потпретседателе, Без разлика како е, таму се две општини, би сакал малку кратко да го образложам. Две општини, од тие две општини....

(Реакции во салата, а претседавачот предупредува на ред со ѕвончето).

Ве молам, ве молам да не ме прекинувате.

Не сакам да излезам на лажење. Може има 1200 ученици од албанска националност, но има од три општини таму кои се. Од три општини во општина Шуто Оризари.

Поради тоа, се согласувам со господинот Фатмир да се изгради уште едно училиште на поблиска територија меѓу двете и трите општини. Јас се согласувам со тоа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Добро, благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Нема).

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Деловнички збор побара господинот пратеник Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, Дозволете да го изнесам ставот на пратеничката група на СДС по повод предложениот дневен ред и начинот на кој што работи Собранието.

Дозволете, прво да констатираме дека Собранието, на последните три седници работи во многу чудни околности, вклучувајќи ја и денешната, во која луѓето задолжени за утврдување на дневниот ред да присуствуваат, на некој начин на седницата, тоа не го прават. Во последно време Собранието работи буквално без претставници на Владата. Тоа,како што гледате, го оневозможува регуларното работење на Собранието и при утврдувањето на дневниот ред се јавуваат многу недоследности.

Таквиот случај е во моментот денешната цела седница без претставници на Владата.

Второ, што сакаме да укажеме во врска со дневниот ред е следново:

Група пратеници, по број 20, на 25 април 2000 година доставија Информација за загубите на државните органи и институции во РМ со ликвидацијата на Алмако банка. Оваа информација баравме да ја достави Владата и, дозволете да забележиме:

Веќе неколку месеци се случува праксата Владата да прифаќа или да отфрла информации да изготви за дневен ред, а интересен е случајот кога информациите се прифаќаат. На седница на Собранието,обично потпретседателот на Владата Бедредин Ибраими кој, во последниве три седници и тоа не го прави, ги прифаќаше информациите со ветување дека ќе бидат вградени во дневниот ред на идната седница на Собранието.

Според нашата статистика и евиденција, околу десетина информации на барање на СДСМ односно пратеничката група, Владата ги има прифатено, влезено е како одлука на Собранието при утврдување на дневниот ред дека ќе бидат на дневниот ред на наредната седница и, после тоа, ниту Владата ниту Собранието не доставувале информации, или доставуваат информациите Владата, но со изменети одлуки внатре, дека ја доставува за информирање на пратеникот кој тоа го побарал. Со тоа ја нарушува одлуката на Собранието да расправа по информациите што Собранието ги утврдило како дневен ред.

Врз основа на тоа искуство, пратеничката група на СДСМ конечно сфати дека тие информации и во наредните две и пол години од мандатот, најверојатно ќе бидат на таков начин манипулирани.

Согласно Уставот и согласно Деловникот, пратениците се овластени предлагачи на точки на дневниот ред. На 25 април 2000 година доставивме информација за загубите на Република Македонија по повод ликвидација на Алмако банка и тоа е доставено на 25 април. Со решението за свикување на 45 -та седница на Собранието, претседателот на Собранието ни достави допис со кој, информацијата, согласно Деловникот ја утврдил во дневниот ред како точка 7.

Согласно Деловникот Комисијата за финансирање и буџет ја разгледуваше информацијата и заклучи да не ја поддржи, меѓутоа по повод информацијата да му предложи на Собранието заклучок со точки 1 и 2 што ги имате во дописот.

Дозволете само да кажам што се случи.

Прво, пратеникот Чедо Петров, стана и кажа дека Комисијата за финансирање и буџет со една дезинформација, му предлага на Собранието да ја симне од дневен ред точката што е апсолутно погрешно, дезинформирање на Собранието. Комисијата не предлага да ја симне, туку предлага да ја разгледа и да не ја усвои и напротив, да усвои два други работни заклучоци од предложените во Собранието. Значи, да расправа и да усвои два работни заклучоци.

Јас, на тоа, како претседател на Комисијата реагирав. Меѓутоа, исто така, пратеникот Чедо Петров укажа дека нема мислење од Владата по Информацијата за Алмако банка и поради тоа таа треба да се симне, нешто што според Деловникот не е обврска на Собранието. Кога предлагач е друг, освен Владата, да има и мислење од Владата, особено по Информација што ја предложија 20 пратеници со потпис, како овластени предлагачи на дневниот ред.

Се случи, посочувам, преседан во ова Собрание да овластени предлагачи предложат точка на дневен ред што ги поминала сите процедури, што од претседателот на Собранието е уврстена во дневниот ред, што надлежните матични тела на Собранието ја разгледале и предложиле заклучоци.

Собранието, со просто надгласување овозможи точката да се симне од дневниот ред под образложение, дезинформирано, дека нема мислење од Владата.

После тоа, заменикот координатор на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ по една друга точка од дневниот ред не увeруваше од говорницата дека информација може да се гледа, доколку ги помине сите процедури во Собранието.

Оваа информација што се симна од дневен ред со мнозинство гласови од коалицијата, токму така ги помина, сите процедури, согласно деловникот па дојде на дневен ред.

За да се направи сега и третото "салто мортале" во ова Собрание, да посочам дека на барање на пратеникот Мерсел Билали да се симне една друга информација од еден друг овластен предлагач, господинот Стојан Андов, од истите причини дека не постои мислење од Владата, Собранието не го уважи тој аргумент и изгласа Собранието да ја остави точката на дневен ред - Информација за склучување меѓународна конвенција со Република Албанија итн.

Тоа нам, сосема јасно ни укажува дека Собранието, односно мнозинството прво, прави опасен преседан, второ, во сите три случаи се изјаснуваше поинаку од Деловникот и создава впечаток, што е сосема очигледен дека таквото изјаснување не е во рамки на Деловникот,. не е во рамки на овластени предлагачи и мислење, туку е во рамки на дневно утврдената потреба дали некоја информација ќе се стави на дневен ред или не.

Тоа нам ни дава сомнеж дека предлогот на господинот Чедо Петров парламентарното мнозинство се изјасни да се симне Информацијата од дневен ред не заради тоа што немаше деловнички претпоставки, напротив, таа е од овластен предлагач, има поминато матични комисии, ставена е на дневен ред, согласно одлуката на претседателот со Решение за свикување на оваа седница. Значи,има политичка позадина зошто оваа информација се симна, односно позадината е сосема јасна. Произлегува дека Собранието да избегне во регуларна уставна и деловничка процедура да расправа за проблемите што ги предизвика санацијата, од страна на Владата на Алмако банката и загубата што тука ја елаборираме.

Тоа, господине потпретседателе, нам ни укажува дека во Собранието почнува да се јавува тренд дневниот ред да не се утврдува врз основа на деловниците предлози од било кој овластен предлагач, пратеник или влада, туку дневниот ред да се креира на тој начин што точките на дневен ред ќе бидат само оние што парламентарното мнозинство мисли дека треба да бидат расправани, а дека оние за кои што не се сака да се отвори расправа во Парламентот, иако се исполнети сите деловнички услови, за да не се предизвика нешто што на мнозинството или на предлагачот за симнување од дневниот ред не му е по волја се симнува од дневен ред. Тоа значи дека оние кои предлагаат од опозицијата се ставаат во ситуација да присуствуваат на Собранието само по точките од дневниот ред што мнозинството ги утврдува со сопствен предлог, на сопствените предлагачи или на сопствената Влада. Во спротивно, доколку предлозите доаѓаат од опозицијата да се симнуваат од дневен ред.

Во таков случај, пратениците од опозицијата, и покрај уставното и деловничко право да бидат предлагачи, политички се доведуваат во ситуација да седат, да држат кворум и да се изјаснуваат' само, повторувам само по предлозите што ги дава парламентарното мнозинство.

Дозволете да кажам дека Уставот, Деловникот и демократската пракса во овој Парламент се такви што овозможуваат на сите да ставаат, во деловничка процедура точки на дневен ред, ако се овластени по Уставот. 20 пратеници се очигледно овластени според Уставот. Доколку тие се симнуваат тоа значи дека се врши селекција на дневниот ред и во тој случај, опозицијата почнува да размислува, зборувам за опозицијата, а мислам на пратеничката група на СДСМ не и на ПДП, се извинувам, пратеничката група на СДСМ почнува да размислува дека нашите предлози се селектирани и дека ние треба само да седиме да државме кворум за вашите предлози што сметаме дека е една постапка сосема спротивна на се што се случувало во Македонија до денес, вклучувајќи ги и овие 1,5 година од вашиот мандат.

Сметаме дека овој преседан може да почне да станува правило што ние не сакаме да го дозволиме и не може во овој Парламент да се расправаат точки што се по волја на парламентарното мнозинство, туку и точки што не се по волја, а кои што ги дава предлагач овластен според Уставот.

Од тие причини, Г-дине потпретседателе и од други причини што ги наведовме до писмото до вас, бараме да не се изгласа сега дневниот ред, да се прекине седницата и да продолжиме со работа на наредното свикување што вие ќе го закажете, согласно вашите уставни овластувања и деловнички овластувања.

Во спротивно, доколку се утврдува дневниот ред на овој начин и доколку сега го ставите на гласање, ние ќе ги извлечеме картичките и нема да учествуваме во кворумот и ќе размислиме за учеството во работата по 45-тата седница по сите точки од дневниот ред, со цел да укажеме дека е невозможно опозицијата да седи само за оние точки за кои вие имате интерес, а нашите, со просто надгласување и со дезинформација од г-динот Чедо Петров, во врска со тоа како Комисијата за финансирање и буџет, тоа да го прави.

Затоа барам да ја прекинете седницата, согласно овие две барања и понатаму да продолжиме кога вие ќе ја закажете.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Процедурално збор побара Г-ѓата Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван г-дин потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници.

Како претставник на парламентарното мнозинство, односно на партијата ВМРО-ДПМНЕ, прво ја имам предвид првичната информација што ја добивме, дека пратеничката група на СДСМ нема да учествува на работата на 45-тата седница. Жал ми е што немав можност да земам збор пред г-динот Никола Поповски и да кажам дека ние потполно сме согласни со тоа оваа седница да не се одржи понатаму, меѓутоа не и пред утврдуваше на дневниот ред, од причина што и до сега било пракса на ова Собрание, на барање на секоја парламентарна група, чинам дека тоа беше порано пратеничката група на ПДП, да се дозволува на работата на пратеничките групи, доколку имаат активности во партиите и да се прекине седницата со желба и можност сите пратенички групи рамноправно да учествуваат во работата на Собранието. Така што сметам, дека и вие како претседавач на оваа седница ќе предложите истата да биде прекината, со цел да се дозволи на желбата на пратеничката група на СДСМ.

Од друга страна, самиот координатор на пратеничката група на СДСМ рече дека се барале, до сега околу 10-20, нека не ме држи за збор, информации. Сметам,а воено тоа е и желба на пратеничката група на СДСМ Собранието повеќе да се занимава со својата основна дејност носење на закони, односно разгледување информации, а ќе се потрудам да го демантирам г-динот Никола Поповски дека не се работи за просто надгласување, туку дека и материјали од опозицијата се земени предвид.

Станува збор за Закон што го предложија група пратеници за намалување на акцизата во врска со цената на нафтата. Тоа беше г-динот Бузлевски и еден добар дел од опозицијата, што значи дека воопшто не се работи за негирање на предлози што доаѓаат од страна на опозицијата. Напротив точно со еден голем сериозен пристап на парламентарното мнозинство, овој закон беше ставен во постапка и набљудуван, меѓутоа јас го искажувам и личниот став а верувам и ставот на целата пратеничка група, дека Собранието, навистина, е оптоварено и оневозможено да ја работи својата основна дејност, носење на закони.

Од таа причина јас предлагам да го изгласаме денешниот дневен ред, а Собранието да и дозволи на пратеничката група на СДСМ денеска да прекинеме со работа во 14,00 часот, што е практично сега.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Веројатно пратеничката Ѓулистана Марковска не била на почетокот присутна. Пред да почнеме со работа на седницата го уваживме барањето на пратеничката група на СДСМ да работиме до 14,00 часот.

Ние сме веќе при крај. Да го усвоиме дневниот ред и да ја прекинеме седницата. Ќе продолжиме во вторник во 11,00 часот.

Да му дадеме збор уште збор на г-динот пратеник Чедо Петров.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, мислам дека седницава треба да ја привршиме, односно на дневен ред треба да се стави, на гласање треба да се стави усвојувањето на дневникот ред.

Но, не може човек да не реагира на ноторни лаги што координаторот на СДСМ продолжува во континуитет на секоја седница.

Најнапред морам да речам дека господинот Никола Поповски не беше присутен на седницата на Комисијата за финансирање и буџет. Седницата ја водеше Илија Илоски, кога јас дојдов со задоцнување, меѓутоа, на усвојувањето, на гласањето за информацијата дали да оди на Собранието, дали се усвојува Информацијата, беше кажано и се гласаше со еден глас "за" четири гласа "против", еден глас "воздржан". Кога заврши гласањето, буквално прашав што е заклучокот кој го изгласавме. Од господинот Илоски беше речено дека Информацијата не се прифаќа и на Собранието ќе му се предложи да не се разгледува на седницата.

За овие работни заклучоци кои се донесени тука ќе побарам и одговорност од стручното лице кое е присутно на седницата, односно кое е секретар на Комисијата, бидејќи не се согласувам дека беше донесен овој работен заклучок.

Да продолжам и натаму. Мислам дека оваа Информација што од СДСМ односно 20 претставници, пратеници на Пратеничката група на СДСМ, мислам дека оваа Информација во најголем дел е невистина, а само за да кажам дека не се избегнува оваа тема, не е предмет на

разгледување Алмако - банка, зашто ние не сме тоа да го правиме, меѓутоа, за вложувањата на јавните претпријатија во банките јас ќе побарам на една од наредните седници да биде разгледано точно класирањето на средствата, зашто добро паметам и бев претседател на Управниот одбор во Рудници - ”Злетово” и точно знам во кое време и каде се даваа и од јавните претпријатија средствата. Во времето на владеењето на СДСМ ќе ги извадиме се вкупните податоци и веќе побарав информација од стручни луѓе да дадат и во времето на СДСМ колку средства се пласирани во таа банка, а исто така и во времето на оваа Влада, па да провериме каде и кој ги даваше средствата.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Почитувани пратеници, ние ги слушнавме сите предлози за изменување и дополнување на дневниот ред. Реплика може да се даде само деловнички, а не да се враќаме повторно на тоа што расправавме, бидејќи ако вака продолжиме, сигурно нема да завршиме.

Реплика бараше господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

На излагањето на господинот Чедо Петров имам реплика, со оглед дека бев директно споменат неколку пати.

Прво, навистина ми е жал што господинот Чедо Петров не разликува кога Собранието нема да поддржи закон или информација и кога одлучува да ја симне од дневен ред Информацијата или Законот. Сегашното образложение на господинот Чедо Петров јасно покажува дека неговата намера, дека неговата намера не е да не се поддржи Информацијата, што е уставно право на секој пратеник, туку да не се расправа по Информацијата заради проблеми со кои веројатно тој лично повеќе е запозна.

Комисијата има записник во кој се вели “Комисијата не ја поддржа Информацијата”. Комисиите не поддржуваат многу закони, меѓутоа, не предлагаат да се симнат од дневен ред.

Инаку, за информација на господинот Чедо Петров, јас претседавав со Комисијата се до почнувањето на оваа точка, а на оваа точка не присуствував, затоа што во тој момент, заедно со другите координатори, имав средба со господинот Петар Стојанов, кој беше тука гостин. Да укажам дека токму затоа треба да се расправа по оваа Информација. Господинот Чедо Петров има спротивни мислења од 20-те потписници за тоа како се санирала Алмако банка од државните институции кои ги изнесе. Јас би бил радосен тој да ги изнесе во расправа по Информацијата овие точки што ги кажа, да достави свои сопствени информации и навистина да се отвори расправа дали во оваа држава новата Влада инвестирала 24 милиони во санација на банката, која отиде сега во стечај и дека тие пропаднале. Ако влеземе во оваа расправа, сега јас ќе го нарушам Деловникот и затоа предложив да остане Информацијата на дневен ред, меѓу другото и заради тоа што во ова Собрание прв пат ќе биде случај да се симне точка која во регуларна процедура со Решение на претседателот е ставена на дневен ред, а да не бара од предлагачот таа да се симне и тоа значи дека некој избегнува расправа по проблемите кои ја тиштат целата држава Република Македонија. Затоа барав таквото одлучување да се одложи.

Со оглед дека Вие сега предлагате да се усвои дневниот ред, дозволете да Ве известам дека ние нема да учествуваме во изјаснувањето со извлекување на картиците.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Има збор Илија Илоски, реплика.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувано господа пратеници, испровоциран сум од укажувањето на господинот Чедо Петров дека претходниот дискутант на СДСМ дрско излажал кога го кажал заклучокот онака како што го соопшти и како што е напишан, а уште повеќе изненадува фактот дека со една доза на арогнација се прети на стручните служби кои го направиле тој записник онаков каков што е презентиран пред сите пратеници, дека ќе бара преиспитување и некаква одговорност од стручните служби. Точно е тоа дека поради обврски како шеф на Парламентарната група на СДСМ господинот Никола Поповски, кога почна расправата по оваа точка, ја напушти седницата на Комисијата за финансирање и буџет и отиде на средба со господинот Петар Стојанов. Точно е и тоа што го пишува во заклучокот, кој го имаат сите пратеници пред себе, дека е онака како што Комисијата го изгласа, односно дека не ја поддржа информацијата, да му предложи на Собранието со поддршка од матичната комисија да влезе во расправа

во Парламентот. Сето тоа е точно. Меѓутоа, покрај тој заклучок, покрај тој Предлог за тој заклучок кој го дадов јас, кој гласеше дека Комисијата за финансирање и буџет му ја предлага оваа Информација на Собранието и ја поддржа, да се расправа за истата, се гласаше со повеќе гласови против и истата не беше поддржана. После тоа, ако се сеќавате, сите членови на Комисијата за финансирање и буџет се тука присутни, да не именувам сега кои се, самите добро знаат, јас реков без оглед дали Комисијата како матично собраниско тело ја поддржува Информацијата или не ја поддржува, таа си е влезена во дневниот ред и по истата ќе се расправа во Парламентот.

Инаку, господине Чедо Петров, Вие дојдовте една секунда пред гласањето, кога јас го поставив прашањето како да се гласа, за или против и дури ако се сеќавате, отпосле ме прашавте зошто сте гласале. Јас со една мала доза на иронија Ви кажав - јас пак мислев дека толку трчавте да гласате оваа Информација да се поддржи. Така беше, еве тука се присутни сите членови од сите парламентарни групи. После Ви укажавме на тоа, значи само што се потпишавте во списокот, Комисијата заврши. Тоа беше автентично што се случуваше на самата седница на Комисијата.

Меѓутоа, од пратеникот Милан Ставрев и од пратеникот Илјаз Сабриу произлегоа други два предлози. Пратеникот Милана Ставрев се сомневаше во Ревизорскиот извештај на "Дилој и Туш" и рече дека...

(Реагирање од страна на некои пратеници).

Ве молам, да направам една ретроспектива, јас мислам дека имам право на ова.

(Потпретседателот Илјаз Халими реагира со ѕвончето).

Бидејќи се сомневаше на Ревизорскиот извештај на "Дилој и Туш" рече дека државна институција одговорна за тоа, алудирајќи на Народна банка на Македонија, треба да ги потврди или негира извештаите што ги поднесовме ние пратениците, дваесет по ред потпишани, од СДСМ. Тука не би влегувал во материјална расправа дали имам право на тоа или немам, да бара потврдување на извештаи на реномирана ревизиска куќа од рангот на "Дилој и Туш", меѓутоа, тој тоа го побара.

Исто така, господинот Илјаз Сабриу како член на матичната Комисија побара да се бришат дел од трите понудени заклучоци во Информацијата, каде се прејудицираше априори, му се даваше на Парламентот што ете и се согласија на самата Комисија, улога на некој судија да осудува некои лица дали биле во право или во криво, ставајќи ги тие 24 милиони марки во бунар да пропадне, тој предложи да се формира Анкетна комисија која ќе го испита сиот процес како дошле парите од Јавното претпријатие за станбен деловен простор од Министерството за развој и од Македонски телекомуникации во фаза кога се знаело дека Алмако банка пропаѓа да се ставаат на тие депозитни сметки орочени на подолг период. Врз основа на тие два предлози  произлегоа овие два заклучоци, кои онака како што се напишани, така и стручните служби ги имаат пренесено во овие записници. Сега навистина е непријатно овде да се повикуваме дека некој лаже, како што обично лажел како што рековте, а фактите го зборуваа другото. Ако нешто зборував криво, тука се пратениците кои беа на таа седница и се постојани членови на матичната Комисија за финансирање и буџет. Ако не сакаат тие да се изјаснат, еве господ ми е сведок дека ја зборував вистината.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Сега се јавија, веројатно за реплика Ѓорѓи Котевски и Чедо Петров.

Ќе ве замолам ако можете да се откажете, за да можеме да поминеме на гласање. Една реплика ќе предизвика друга реплика.

Повелете, господинот Чедо Петров има реплика.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Почитуван потпретседателе, очигледно намерата е да се отвори повторно дискусија, иако точката беше симната од дневен ред. Тоа е стилот на СДСМ.

Меѓутоа, предлагам, бидејќи расправавме по ова, да го ставите дневниот ред на гласање.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. (По гласањето).

Вкупно гласале 77 пратеници, од кои 63 пратеници “за”, седум “воздржани” и седум “против”.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Ја прекинувам седницата и продолжуваме во вторник во 11,00 часот.

(Седницата прекина во 14,20 часот).